http://www.makfax.com.mk/#108969

**Изложба “Ретки и загрозени габи во регионот на Преспа“**

Автор: Соња Миловановиќ
02 јуни 2010, 07:51
Извор: Макфакс, Скопје



Македонското миколошко друштво од Скопје и Европското младинско здружение од Пустец, Албанија, денеска ќе ја отворат изложбата “Ретки и загрозени габи во регионот на Преспа“. На отворањето на изложбата ќе се одржи и предавање на тема “Габите, природата, човекот“.

Предавањето ќе го води професорот Митко Караделев, а акцентот ќе биде на клучните фактори за загрозеност на габите во Преспа и правилата за одржливо собирање габи.

Изложбата и предавањето се во рамките на проектот “Информативна мрежа за заштита на разновидноста на габите во басенот на Преспанското Езеро”, поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ)./крај/со/см